**Известување за концентрација со која Јунајтед Медиа Сарл Луксермбург и Паксана Холдингс Лимитед Кипар стекнуваат заедничка контрола над Дасен Холдингс Лимитед Кипар и Аудиомакс Холдингс Социете Анониме Грција (предмет бр. 08-160/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и 208/24), на ден 12.12.2024 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Јунајтед Медиа С.а р.л. (United Media S.à r.l.), со регистрирано седиште на адреса Руе Жан Моне 6, Л-2180 Луксембург и друштвото Паксана Холдингс Лимитед (Paxana Holdings Limited), со регистрирано седиште на адреса Ирис Тауер, 8-ми спрат, Архиепископ Макариу III 58, 1075 Никозија, Кипар, стекнуваат заедничка контрола  над целните друштва Дасен Холдингс Лимитед (Dasen Holdings Limited), друштво основано согласно со законите на Кипар, со седиште на адреса Дикомоу Улица 10, 2682 Палиометоцхо, Никозија, Кипар и Аудиомакс Холдингс Социете Анониме (Audiomax Holdings Société Anonyme), со седиште на адреса Вилтаниоти 36, 14564, Кифисија, Атина, Грција,

Јунајтед Медиа е во крајна сопственост на фондови советувани од БЦ Партнерс (BC Partners), меѓународен инвестициски фонд со седиште во Лондон. БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секојдневното управување на компаниите во кои инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори.

БЦ Партнерс има регистрирано присуство во Република Северна Македонија преку следните индиректно зависни друштва: i) ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, со регистрирано седиште на Булевар Партизански Одреди бр. 17, 1-001/ Скопје - Центар, Северна Македонија, кое се бави со дејности на дистрибуција на медиумски содржини преку DTH технички платформи, ii) ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Коста Веселинов бр. 5-1 локал 2/ Скопје- Центар, Северна Македонија, кое се бави со маркетинг дејности, односно со откуп и продажба на рекламен простор во печатени и електронски медиуми, и iii) УГИ ФИБЕР ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Булевар Партизански Одреди бр. 14, Скопје - Центар, Северна Македонија, кое се занимава со дејности на сателитска телекомуникација.

Друштвото Паксана е основано на 10 март 2016 година како приватно друштво со седиште во Кипар. Паксана е во сопственост на физичко лице. Како холдинг друштво, активностите на Паксана се ограничени на поседување на удели/акции во други друштва.

Паксана не поседува друштва во Северна Македонија и нема остварено било какви приходи во Северна Македонија.

Целното друштво Дасен е холдинг друштво си седиште во Кипар. Целното друштво Аудиомакс е основано во Република Грција, кое претходно било познато под називот Стар Инвестментс (Star Investments), и по ребрендирањето во 2023 година друштвото го променило својот назив во Аудиомакс Инвестмент (Audiomax Investment), по што називот на друштвото е променето во Аудиомакс Холдингс Социете Анониме (Audiomax Holdings Société Anonyme). Аудиомакс претежно се занимава со производство и емитување на радио програми, како и продажба на огласен простор на радио и ги поседува следните радио станици: Алфа Радио С.А. (Alfa Radio, кое емитува вести, спортски и музички програми во

регионот Атика и во Грција); Тхема Радио Сингл Мембер С.А. (Thema Radio Single Member S.A.), Дромос (радио кое емитува музички програми во регионот Атика и во Грција), Радио Коммуникатион Сингл Нејм С.А. (Radio Communication Single Name S.A.), Диесие (Diesie, радио кое емитува музички програми во Грција.

Целните друштва не се присутни и немаат остварено било какви приходи во Северна Македонија.

Подносителите предлагаат релевантниот пазар на стоки да се дефинира како:

- ***пазар за производство и емитување на радио програма***; **и**
- ***пазар за продажба на простор за огласување на радио***.

Што се однесува до географскиот опфат на релевантниот пазар за предметната концентрација, Подносителите предлагаат релевантниот географски пазар да се дефинира како ***територијата на Република Северна Македонија***, иако не постои било какво хоризонтално преклопување помеѓу Учесниците на пазарот во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*
*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

23.12.2024 година
Скопје